## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седмото продолжение од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Благој Зашов, потпретседател на Собранието.

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се наоѓаат во Собранието, а се уште не влегле во салата да повелат да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Хади Незири, Лазар Китаноски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Гоце Марковски, Борис Кондарко, Фијат Цановски, Љубчо Георгиевски и Бесим Догани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 7. - Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагања на технолошкиот развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Збор има господинот Јован Лазаров, заменик министер за образование и наука.

**Јован Лазаров:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пред вас го имате Предлогот на законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој кој што е предвиден во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Овој закон е еден од законите со кои што се врши усогласување со законодавството на Европската унија и со неговото донесување се создаваат услови за учество во програмите од областа на науката и технолошкиот развој. Согласно Уставот нашата држава има обврска да го поттикнува и помага технолошкиот развој на земјата кој треба да доведе до ефективни иновации и нивно искористување во функција на севкупниот равој како и достигнување на повисоко ниво на развој на носителите на технологии со што би се постигнало зголемување на продуктивноста, вработеноста, унапредување на животната и работната средина и подобрување на квалитетот на севкупниот живот. Од друга страна развојот на носителите на технологии ја зголемува нивната способност за конкурентност на пазарот и придонесува за намалување на постојниот технолошки јаз во однос на развиените земји. Треба да се истакне дека интересот на стопанските субјекти за соработка со научно истражувачките институции и поединци е во постојан пораст. Тоа е евидентно при секој редовен годишен јавен конкурс за софинансирање на развојно истражувачките и иновациските проекти кое го објавува Министерството. Кај реализираните проекти евидентни се резултатите во добивање на нови производи, воведување сопствена технологија, поставување нови технолошки линии, оптимализација на постојните технолошки процеси и нови методи за анализа на производите. Со наведеното остварени се целите на технолошкиот развој, направена е заштеда на суровини и енергија и во производниот процес, добиени се нови материјали и производи за субституција на увозните, зголемен е асортиманот на производи, развиени се нови, или усовршени постојните производни постапки, подоборен е квалитетот на производите со што се зголемува конкурентноста на пазарот. Целта на законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој е понагласена улога на технолошкиот развој во остварување на целите на континуираниот економски развој во државата преку директно поврзување на науката со економијата. Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој треба да се донесе и заради прецизно дефинирање на технолошката инфраструктура и воведување регистар на субјекти на технолошкиот развој. Во постојниот закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој не беше прецизно дефинирана технолошката инфраструктура. Имено, со новиот закон се дефинира истражувачко развојни единици во стопанството, иновациски центри, центрите за трансфер на технологија, технолошки центар, технолошко јадро, научно технолошки парк и Центар за информациска комуникациска технологија со што државата се обврзува да поттикнува и помага изградба на нова технолошка инфраструктура каде би се реализирале определбите на државата за директно и конкретно поврзување на стопанството со науката преку различни форми на соработка, проектна, програмска, инфраструктурна и слично. Воведувањето регистар на субјектите на технолошкиот развој е неопходно потребен за да се има увид во конкретната состојба, формата, структурата, бројот на вработени и нивни класификации, опрема и друго и исполнетоста на условите и критериумите за запишување и бришење од регистарот што ќе биде пропишано со посебен акт. Со оглед на тоа што овој закон не е обемен ниту служен, предлагаме истиот да се донесе во една фаза.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Колеги пратеници јас би замолил за внимание и за тишина. Забележувам дека не е во ред да зборувате цело време додека има излагање

заменикот министер. Укажувам на тоа дека треба да го сослушате. Помалку телефонски разговори за да можеме да делуваме како сериозен Парламент.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Дозволете при општиот претрес по Предлогот на законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој да кажам збор, два свое лично мислење и мислење на пратеничката група на СДСМ по однос на овој закон.

Откако оваа Влада ги започна своите активности, или своја програма на широко преку соодветно рекламирање во јавноста постојано потенцираше дека ја добила довербата на граѓаните за поттикнување на економскиот развој на Република Македонија и отворање на работни места. Во изминативе без малку 18 месеци нашироко и на долго е пишувано и од една и од друга страна за активностите реални кои што биле спроведени. Јас ви потенцирам дека ако ја застапувате таа политика, се обраќам на мнозинството, би требало да одвоите еден дел од вашето драгоцено време и да го прочитате овој закон, бидејќи е во директна корелација со заложбите за развој и економски просперитет на Република Македонија, или давање на една законска рамка во која што ќе се јават едни нови институционални форми, пет облици на нови институционални форми на директна коресподенција помеѓу стопанството и науката, односно научните институции во функција на целни и развојни проекти кои што ќе овозможат побрз развој на Република Македонија во повеќе сегменти. Очигледно дека според интересот кој што владее тука, ајде јас сум од опозиција, не го удостоивте ни заменикот министер кога даде едно образложение на многу важниот закон кој што бегло ќе помине, очигледно е дека се мисли само на начинот како да се отепа времето и како побрзо да се заврши оваа процедура. За законот дебатиравме и на матичната комисија. Законот е со европско знаменце и е поттикнат од страна на европската комисија, бидејќи Република Македонија треба а се хармонизира во овој дел со својата легислатива да овозможи барем на хартија стопанството и науката конечно да добијат една законска рамка во која што ќе започнат заеднички активности.

Пред да почнам за самиот закон, или за текстот кој што е многу краток и е прилично егзактен во сегментите во кои што треба да се дефинира. Дозволете во кратки црти да дадам еден мал историјат на реалните состојби во оваа област кои што постојат во Република Македонија. Пред 15-тина години во Република Македонија постоеја јаки стопански капацитети или гиганти како што во печатот често се дефинираат. Во секоја Република на бившите југословенски простори постоеја по некмолку такви капацитети. Кај нас беа препознатливи “Металски завод Тито” ,”Факом”, “ОХИС”, “ОТЕКС” - Охрид, “Еуроинвест”, “11 Октомври” во Прилеп, фабрики кои што ги надминуваат републичките простори или беа формирани со заеднички вложувања на сојузните органи во некои случаи и Воено техничкиот институт од Белград, значи од Сојузното Министерство за внатрешни работи имаше свој удел во реализирање на тие програми. Значи, по природа на нештата тие капацитети имаа свои развојно истражувачки единици со кои што ако анализирате какви се резултати постигнувале, треба да се гордееме како Република Македонија, особено во делот на страшната поврзаност на науката со стопанството во тој сегмент. После 1991 година со осамостојување на Република Македонија уште неколку години функционираа овие научно истражувачки единици и потоа од објективни и субјективни причини згаснаа. И тогаш имаа исти услови како што се сега дефинирани во Законот, значи да има најмалку еден доктор на науки, или тројца магистри кои што ќе ја формираат таа единица, научно истражувачка единица во стопанскиот субјект која што по природа на нештата ќе се занимаваат со иноваторство, или со унапредување и развој на постојните технолошки процеси. Имаше успеси, јас знам дека можеби не е интересна оваа тема, ама да знаете дека во Република Македонија постои историјат од оваа област со која што можеме да се гордееме. Како рецидив на тоа што порано се вградувало, значи тоа било домашно, македонско вложување во науката во таа област. На неколку саеми на иноваторство Еурека, со ред македонските иноватори добиваа прва, втора, трета награда редовно во Брисел. Медиумите помалку, или повеќе ги покриваа овие успеси, на 19-та, 20-та страна на весниците со мали поднаслови. Република Македонија имаше силни амбасадори во тие научни истражувачки кадри. Имавме и никулци на приватни компании кои што се формираа и се основаа само за развивање на нови, развој на нови технологии и на саемите ширум Европа добиваа одлични признанија. Што направивме како Република Македонија тогаш? Ништо, буквално ништо. Имаше членови во законот во кои што Министерството за економија беше обврзано да покрива одреден дел на трошоци на настап на саеми, или на настап на конференции, иновациски симпозиуми на кои што ќе се добијат соодветни награди. Иако постоеја такви одредби никогаш не беа покривани овие активности и луѓето ентузијасти ја баталија оваа работа. Едноставно последниве 10-тина години бидејќи се занимавам со оваа област не можете да најдете човек кој што со гордост ќе каже дека своите иновации ги презентирал во странство. Нема никаква поддршка од страна на државата. Јас не кажувам, оваа Влада, или минатата влада, немавме никаква стратегија во тој дел. Потполно беа оставени хаотично на само иницијативност и самофинансирање луѓето ентузијасти држеа додека можеа да држат, бараа некои спонзорства, но откако економската ситуација од ден на ден стануваше потешка, се затворија

големите капацитети заради губењето на големиот југословенски пазар и не до крај знаоѓањето во новите текови, се заврши приказната. Јас силно го поддржувам носењето на овој закон. Овој закон е одлична законска рамка, нешто повторно да се воспостави. Почитувани колеги, законот има една голема маана. Законот е премногу одличен за на хартија вака поставен и навистина има европски карактеристики. За нашите реални состојби е неприменлив и нема да биде применлив само заради една причина. На оние кои што влегуваат, само да ви објаснам која е суштината на овој закон, ќе ми прости заменик министерот, бидејќи имам впечаток дека не го слушавте до крај, со поедноставни зборови, или заради јавноста. Овој закон овозможува да се формираат пет различни видови на институционални форми на врска помеѓу стопанството и факултетите, односно универзитетите, или научните институти. Тие новите форми ќе се регистрираат во централниот регистар како посебни претпријатија, или правни субјекти во правниот промет, ќе си назначат директор. А овие две, или повеќе институционални форми, стопанска организација, или трговско друштво, факултет ќе бидат основачи таму со основачки права и се разбира одредени бенефиции кои што оснивачот ги добива од тие активности. И сето тоа е во ред. Има една фалинка која што со заменик министерот, бидејќи сме од иста бранша, еве изминативе два, три месеци, се убедуваме и не е во негова моќ тоа да го прифати. А дилемата е следната. Каква мотивација ќе имаат стопанските организации да го прават ова? Зошто да го прават ова? Што ќе добијат како бенифиција од државата? Затоа јас се потрудив и ќе ми треба вашата помош, затоа го правам овој цел вовед, да разберете зошто е тоа толку важно. Заменик министерот одлично го разбира проблемот. Но, и јас да бев на негово место истото не ќе можев да го прифатам бидејќи ги надминува ингеренциите на Министерството за образование и наука. На секој член во законот каде што е дефинирана институционалната форма јас имам дадено додаток во амандман, да се овозможи стопанскиот субјект кој што ќе влезе во ваков дил да има даночно ослободување од данок на добивка, ако ги инвестира прарите во програмата кое што тоа ново претпријатие ќе ја достави. Јас знам дека тоа е материја која што е прилично осетлива и потребна е повисока помош и од страна на Министерството за финансии кое што треба да даде зелено светло на Владата. Ама ако ова не го направиме, верувајте законот ќе го усвоиме. Ние ќе дадеме поддршка на законот. Законот ќе остане мртво слово на хартија. Тука има и стопанственици. Еве, почитуваниот Иванов би го прашал, кој е интересот на Силекс од Кратово да направи таква форма на здружување со Машински факултет од Скопје за развој на нова технологија во еден од погоните кои што се таму, бидејќи заради субјективни и објективни околности во измимнатите 15 години, ќе употребам еден тежок збор стопанствениците, научните работници ги чувствуваат како еден вид лешинари кои што се дојдени само по некои пари да направат некое проекче и да си заминат.

Тие работи се случуваат, се прават проекти, се прават обиди, бенефитите се добри, ама немаат поддршка од јавноста, ниту транспарентност, ниту пак можност да се каже, дека Република Македонија води некоја тешка битка во овој дел да се воспостави некој развој. Развојот е таму. Таму треба да го бараме развојот. Развојот не може да го овозможи Владата, без разлика која Влада и да е. Владата треба да создава претпоставки вакви, да се овозможи нешто, ама ова што го овозможила преку овој текст е пола чекор. Ако не им дадете бенефит, ако не ги привлечете ова да го започнат, се разбира преку пари, со даночни олеснувања, нема да успее. Јас морам да признаам дека Министерството за образование и наука направи напор и во еден дел на комисиската расправа се прифати еден дел во еден член, во кој што развојните проекти, беше до 30% дека ќе бидат финансирани од страна на државата, а 70%, еве "Силекс"-Кратово, ќе ме извините што го земам како пример, но сметам дека е многу успешен комбинат, со кој што треба да се гордее Република Македонија . Значи, ако му давате на некој проект, развоен проект заеднички, до сега без малку 100% "Силекс"-Кратово го покриваше. Се направи напор во првата верзија 30% да го покрива државата, 70% "Силекс". Ние кажавме дека треба да се даде поголем стимул и државата тоа го прифати. Сега е 50 со 50%. Тоа е само за развојните проекти. За Програмата да живее тоа претпријатие, мора да му се даде бенефит на "Силекс"-Кратово, да биде ослободен од данок на добивка на технологијата што ќе ја продаде во странство. Ајде да дадеме таков мотив, на тие стопански субјекти да вложуваат во научниот кадар и да се направи реална база на истражување во Македонија. Само тој е патот. Нема да има интерес, стопанската организација, ако не виде дека државата ќе даде соодветни олеснувања, за да може да го види својот интерес. Интересот е тука, само што треба голема стрпливост. Истражувањата не даваат секогаш брзи резултати. Не секогаш позитивни резултати. За жал, во науката често пати ќе наидете, ќе истражувате со години и ќе дојдете до слепа улица. Можни се и такви работи. Затоа, подршката од стопанството треба да биде перманентна. Како ќе ја обезбедиме неа, преку текст нема. Оваа е добра рамка, за да се започне таа активност. Но камо, вистинска инекција за тоа навистина да се случи. Жал ми е што оваа дебата денеска можеби ќе ја завршиме, а јас алармирав дека е потребно можеби и министерот за финансии да дојде. Јас мислам дека до колку ја слушнеше таа дебата, тоа е од сферата на науката, ќе разбереше колку е значајно да се вклучи и Министерството за финансии во усвојување на овие амандмани кои што сега ќе следат. Парите со кој што државата ќе ги даде, не знам колку ќе ме разберете и колку ќе бидам вешт во објаснувањето, се фиктивни. Ќе се

обидам да објаснам. Ако “Силекс”-Кратово, со Машински факултет Скопје прават заеднички проект за поттикнување на една технолошка иновација во “Силекс”-Кратово и ако државата каже, направете ја вие таа технолошка иновација и продајте ја во странство, јас ќе ве ослободам од данокот на добивка, ако тие пари ги вложите во нова програма, за нов развој. Тогаш, ако не се прифати ова, “Силекс”-Кратово нема ни да влезе во таков дил со Машниски факултет Скопје, нема ни да се направи такво нешто. Тие пари нема ни да постојат. Многу логично е прашањето зошто државата да не даде олеснување за нешто кое што нема ни да биде, ако не му се даде олеснување. Значи, се вртиме во круг на бирократски процедури внатре во министерствата, кои што не секогаш можат да согледаат одредена шема, одредени потези, а министерот, се разбира, нема време и ќе му се даде на тацна некое мислење од страна на бирократскиот апарат таму, дека државата не смее да се откаже од тие пари, бидејк, каде сга во Буџетот, од каде приходи. Нема да бидат тие приходи реални, нема да се создава таква активност, нема да има можност да се создадат тие пари за државата да ги добие, па да се ослободи од нив. Сега јас не знам, колку сум прецизен, или колку сум пристапен во моето објаснување и која е идеата на ова нешто. Законот нема да заживее без овие мерки. Ќе си бидат тие мерки дефинирани во законот, ќе се формираат, јадрата постојат. На Техничкиот факултет во Битола, мојот матичен факултет постои, само да прочитам, постои центар за трансфер на технологии, или технолошко јадро. Постои, заедно со Министерството за финансии, тогаш се направи и почнаа успешно да работат. Ама работата е потполно замрена, бидејки другито партнер, стопанските субјекти не наоѓаа никаков интерес, или не гледаат брзи резултати. Или да преведам со еден збор. Едно подобрување на технолошкиот процес да се направи во пет години, страшно голема пара се добива за тоа во странство. Денес не е проблем да произведете нешто. Денеска е проблем да го осмислите тоа и најтешко е да го продадете на оваа конкуренција.

Од овие причини, ни бегаат и имаме одлив на мозоци, затоа што денеска во Република Македонија е сфатено, ве молам, ако може малку за тишина, денеска во Република Македонија, јас верувам дека секој пратеник директно или индиректно бил вклучен во некоја трибвина на одлив на мозоци, или бил прашан што мисли за тоа. Се смета дека младите луѓе, штотуку завршените студенти, со високи проценти и добри предиспозиции за научно-истражувачка работа, дека ќе бидат задржани, ако на факултетот им се отвори работно место за асистенти. Толку е упростена и вулгаризирана целата таа работа. Не е точно, не можете да го платите толку добро како асистент, како што ваква можност се дава ако тој работи на реален проект и уште повеќе, сега ќе завршам и се надевам дека не сум досаден. Ќе дискутираме и за другиот закон за научно-истражувачка дејност. Република Македонија пристапен фонд во делот на науката е седмата рамковна програма, која што започна во 2007 година и ќе трае 7 години. Ако не се лажам 60 милијарди евра се во оптек за научни проекти. Овде дебатираме и ќе дебатираме за законот за енергетика, за алтернативни извори на енергија. Таму веќе постои Програма која што се нуди. Ние како држава прв пат пристапивме во 2006 година во март месец. Јас бев присутен на собирот во Грац, кога се носеше Буџетот на седмата рамковна програма и бевме поканети како земја кандидат за Европска унија. Ни нудат на тацна.

**Благој Зашов:** Господине Вељановски дали ќе сакате да седнете. Навистина е непријатно да се вртите кон говорникот на тој начин.

**Тале Герамитчиоски:** Значи, ни се даваа на тацна големи пари за проекти. Се бараат институционални форми преку кој што тие пари ќе бидат дистрибуирани. Во земјоделието, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, на широко ги прокламира ИПАРД пристапните фондови за земјоделците. Овде има уште поголеми пари, само треба начини и процедури, како да се стигне до тие пари. Индивидуално, настапување ќе се добие преку трето или четврто лице, бидејки Македонија не е членка на Европската унија, ниту може и непартиципира во Буџетот за седмата рамковна програма,не може ни како прв ни како втор корисник да се јави, туку само како трет корисник придружен на вторите корисници од Европската унија. Ама вакви форми треба да се направат. Кој ова ќе го препознае може во иднина добро да профитира. За жал, можам да констатирам дека бегло ќе си помине ова, дека нема да добие трнспарентност во јавноста, дека стопанствениците нема ни да знаат дека вакво нешто се донело, дека факултетите не можат да ги препознаат своите можности, бидејки се влезени во трка по студенти кои се помалку ги има, се отвораат во Република Македонија се повеќе универзитети и приватни и државни, настанува трка на дуплирање на капацитетите на факултетите по области . Слушаме дкеа и во Штип ќе се отвори и машински и медицина се размислува и другите области и воТетово исто така. Корпусот на студенти е тој и не можат да препознаат каде лежат можностите за развој. Жал ми е, што ќе дадеме подршка на овој закон, жал ми е, што нема да се усвојат тие амандмани, бидејки нема институционална подршка за добронамерноста и без тие амандмани, верувајте ми имам долго искуство и практично, не само теоретско, сум работел, сум имал среќа да работат во иснтитуција приватна, која што се занимавала со висок технолошки развој и добила високи признанија за тоа. И неа ја угаснавме. Не велам кои, сите сме виновни, ама и неа ја угаснавме. Можам да ја спомнам. “Микросан” беше една од фирмите со кои што Македонија се гордееше во развој на високотехнолошки процеси. За жал од неподдршка институционална

на државата, сега се сведе само на производител, а имаа силно научно јадро од млади луѓе, од млади луѓе.

Се надевам дека не бев досаден, чувствував потреба лична д апотенцирам дека е ова клучен закон за развој на стопанството пред се во Република Македонија. Мислам дека законот ќе остане мртво слово на хартија до колку не им се понуди на субјектите кој што можат да го користат, бенифити да си го видат својот интерес. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Збор има заменик министерот господинот Лазарев.

Повелете господине Лазарев.

**Јован Лазарев:** Ја навистина му благодарам за оваа дискусија на пратеникот и професионален мој колега Герамитчиоски.

Тој добро кажа дека излегува малку од ингеренциите од Министерството за образование оваа негова дискусија во смисла на даночни олеснувања, меѓутоа, во Владата се размислува за оваа проблематика и науката, културата и дел од спортот се тие во кои што ние како држава мора да воведеме некои даночни олеснвуања. Сега постојат за некои од овие области што ги набројав, меѓутоа, не се доволни, ние ги проучуваме и ќе ги проучуваме искуствата на развиените држави. Само да потсетам дека во Министерството за економија, во 2007 година се донесе една Програма за развој на претприемаштво, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија од 2007, до 2010 година, каде што веќе се разговара и ставено е нешто на хартија, токму за оваа проблематика, каде што би требало прво да се организираат дискусии, да се охрабри Владата и другите министерства да усвојат да се зголеми издвојувањето од бруто националниот доход за наука до 1%, каде што и оној дел кој би се издвоил дополнително од стопанството би дошол некаде до 1,5%, 1,7%, 1,8%, како што имаат Америка и Јапонија, и во овој дел околу издвојувањето јас сум оптимист дека ние тоа ќе го зголемиме, бидјеки Владата генерално за образование и наука од година во година, од ребаланс во ребаланс го зголемува процентот, така што, вкупниот процент нето ќе достигне околу 5% и ќе го надмине, а бруто можеби околу 6% со сите странски донации и приходи, така што во тој дел ќе имаме можност да го зголемиме делот за науката. Понатаму, од оваа програма се вели дека ќе се основаат институции за истражување и развој, за подршка на технолошкиот развој и конечно да се организира дискусија со Министерството за финансии, за воведување на даночни олеснувања на малите и средни претпријатија и сите претпријатија во областа на инвестирањето во истражувањата и развојот. Значи, сега во овој момент и тој самиот кажа и е свесен дека не можеме тие амандмани да ги прифатиме, но не се откажуваме од таа идеа, едноставно, Македонија да ги следи трендовите во оваа област на даночни олеснувања, како што имаат развиените земји. Благодарам.

**Благој Зашов:**Благодарам господине заменик министер.

За реплика се јави господин Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ние како држава постојано тапкаме во место. Секогаш кога ќе дојде ваква идеа велиме добра е идеата, ама дајте, тоа ќе го решиме во иднина со некои други акти и со други закони. И направивме такво нешто во спортот и во културата. Значи, се направи една трибина под покровителство на Претседателот на државата. Дебатиравме два дена тука во Собранието како да се стимулираат стопанствениците преку даночни олеснувања да се јават како мецени или инвеститори во спортот и во културата, за да може како во Европа сите оние културни и спортски манифестации, или развој, екипи, поединци спортисти, да бидат финансирани, ама за тоа државата да ги ослободува. И се заврши со некоја дебата во која што сите се согласија дека тука е проблемот на Република Македонија. Затоа, спортот ни е слаб, затоа културната манифестација, значи уметниците, сите овие работници во сферата на културата каде што требаат средства, немаат можности, покрај да си ги реализираат своите капацитети, затоа што нема пари и супер, се заврши дебатата и сите се согласија за тоа, еве две три години, четири години поминаа, никаков позитивен помест нема од тоа. Без пари, без вложување во тие дејности, нема резултати. И тоа на сите им е јасно.

Истото ќе се случи и сега. Овде за разлика од таму, сега се дава можност да си го видат интересот. Таму интересот е само со рекламирање, спонзорството е со рекламирање, значи на дресовите ќе се носат нивните реклами. Тоа е само едниот дел. Овде се однесува директно на нивната дејност на зголемување на ефективност или приходот со вклучување на науката преку овие институционални форми.

Жал ми е што имаме ретка прилика да подобриме во овој дел, а ја пропуштаме, неповратно ќе ја пропуштиме приликата.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседател, колешки и колеги пратеници,

Дозволете ми на почетокот да поставам едно, да го наречам процедурално прашање: каде е министерот за образование.

**Благој Зашов:** Немојте мене да ме прашувате. Имате заменик министер кој го застапува, така што вие продолжете со дискусијата.

**Славица Грковска:** Бидејќи од она што можеме да го слушнеме од медиумите, веќе неколку дена

го нема во непознат правец, дали согласно Законот за работни односи сеуште е министер? Претпоставувам дека вие како претседателство на Собрание, кое ја бира Владата и кое што треба да го контролира неговото работење сте се информирале за да ни кажете дали неговото отсуство е оправдано или не.

За Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој малку од еден поинаков агол. Зошто прашав каде е министерот? Не е случајно, се разбира.

Ова е еден од законите кој што го носи европското знакче, ова е еден од законите за кои Министерството за образование и наука не убедуваше дека треба во скратена постапка да се носи во собранискиот дом. Ова е еден од законите за кои ние сметавме дека треба да се носи во две фази заради неговата важност, заради можноста сите институции кои се засегнати со овој закон да можат да го разгледаат, да дадат свои сугестии за да придонесат за неговиот текст. Ова е еден од оние закони кој беше договорен на средбата меѓу лидерите на политичките партии и усогласен, да се најде на онаа седница на 3 и 4 јануари во која ги групиравме сите закони кои го носеа европското знакче, со цел да ја покажеме нашата детерминираност како држава, законите кои го носат знакот на Европската унија и кои не се само декларативно означени со знакот на Европската унија дека треба да имаат приоритет и посебен начин на усогласување и усвојување во овој собраниски дом. Меѓутоа, на огромно изненадување, се разбира не е пријатно за мене, а и за моите колеги од СДСМ, ова е еден од овие закони што го носат европското знакче, а кои без никакво објаснување, без никаква најава на таа седница која започна на 3 јануари беше повлечен, и покрај тоа што повторно ќе кажам беше резултат на договор меѓу лидерите на политичките партии, меѓу премиерот, меѓу претседателот на ДПА, меѓу претседателката на СДСМ госпоѓата Шекеринска, меѓу претседателот на ДУИ и тоа со право не револтираше, заради тоа што очекувавме дека владината коалиција би требало да биде сериозен партнер особено кога се однесува за прашања кои Република Македонија ќе ја приближат до Европската унија и до НАТО. За жал, и покрај тоа што јас лично, а и моите колеги очекуваа дека таа седница ќе биде пресвртница во начинот на однесување на владината коалиција спрема опозицијата и спрема темите кои доаѓаат од приближувањето кон европското законодавство, ние се соочивме со сосема поинаква ситуација. Ние се соочивме со ситуација во која за неколку други закони, кои беа веќе договорени и усогласени, владеачкото мнозинство не ги поднесе потребните и договорени амандмани и уште повеќе, владеачкото мнозинство си дозволи без никакво објаснување и без никаква најава да повлече закони од таа седница, меѓу кои и овој закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

И ве прашувам сега: како можеме ние во иднина да веруваме на договор направен со ВМРО-ДПМНЕ и ДПА кога ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, односно читај премиерот Груевски, се однесува така несериозно, ја повикува опозицијата само тогаш кога му треба помош, кога треба да ги извлекува жешките костени за кои нема храброст, потег кој нема храброст сам да го направи, туку напротив, нема храброст да ја понесе одговорноста како премиер, туку смета, според неговото однесување, дека за да се биде премиер е доволно само да ги распределува буџетските пари и да прави кампањи заради подигнување на личниот рејтинг и рејтингот на неговата партија, меѓутоа не и да наоѓа решенија за сериозни, сензитивни проблеми кои се појавија во изминатите 18 месеци, а меѓу кои тој самиот лично ги креираше.

Како да веруваме на владините претставници кога ќе дојде закон исто така од сверата на образованието меѓу другото, за кој ние ќе сметаме дека би било добро да се разгледува во две фази, министерот кој што е во непознат правец ќе не убедува дека е важно да го разгледуваме законот по скратена постапка заради тоа што итно треба да се донесе и дека е потребен во Република Македонија, а потоа заради нечија желба ќе се соочиме со негово повлекување или пак со негово видоизменување. Истото се случи со Законот за високо образование, што е сериозен преседан и јас не сум изненадена што за овој закон, за кој меѓу другото се согласувам со господинот Герамитчиоски ќе беше добро и министерот за финансии да беше тука. Не сум изненадена што тој не е присутен заради тоа што она што тој сакаше да го постигне во високото образование и во овој сегмент го постигна со Законот за високо образование, неговите желби за контрола на ректорот и за рушење на автономијата на Универзитетот се исполнети и не гледам зошто тогаш би присуствувал на ваква седница за сериозна дебата околу тоа што би можеле ние да направиме, околу сериозното инвестирање и нудењето на можности за поттикнување на технолошкиот развој во Република Македонија.

Меѓутоа, министерот за финансии индиректно го кажал својот став, по тоа колку и како треба да се одделува за поттикнување на технолошкиот развој. Тоа го кажа во своите потези, во своите предлози во Буџетот на Република Македонија, каде што сериозно се дефинирани приоритетите во кои треба да се движи во Република Македонија во фискалната година, во годината за која го носиме Буџетот. За министерот за финансии беше поприоритетно на функционерите кои доаѓаат од странство да им обезбеди по речиси 3700 долари месечно, ако не и повеќе, за одржување на нивните имоти во странство, беше поприоритетно да обезбеди 85 милиони евра да мебел и коли, возила и машини за трошење на министерствата, отколку да одвои повеќе средства во Буџетот за поттикнување на технолошкиот развој и научно истражувачка

работа, меѓутоа, за вториот дел ќе разговараме по другиот закон.

Во рака ми падна едно интервју на господинот Зоран Ставрески, попознат како мистер тендер, во кој вели трошиме пари ама со ефект. Меѓутоа, почитувани мои колеги од власта, ефектот од овие потрошени пари го почувствуваа само неколку луѓе во Владата, не го почувствуваа граѓаните во Република Македонија кои се соочуваат со секојдневни зголемувања на трошоците на живеење, не го почувствуваа оние институции кои може сериозно да придонесат за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, не го почувствуваа сите оние кои очекуваа дека најголемиот буџет до сега во Република Македонија сериозно ќе се одрази врз стопанството и ќе покаже некакви ефекти. Наместо тоа, се соочивме со тендери, јавни набавки и кампањи кои немаат никаков ефект освен можноста за перење на пари од страна на ВМРО-ДПМНЕ и одење на тие пари во нечии приватни џебови, пари кои нашите граѓани ги двојат и со кои го полнат буџетот.

Ова го зборувам заради тоа што во една од причините за донесување на Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој стои дека со овој закон, покрај услогласувањето со правото на Европската унија, се сака да се обезбеди потврдување на начинот на софинансирање на активностите во технолошкиот развој како поддршка од страна на државата. Државата до сега, владеачкото мнозинство до сега, доколку беше искрено во својата намера, доколу беше искрено во тоа дека треба да се инвестира во Република Македонија, треба да се поттикнуваат инвестициите, доколку беше искрена во својата кампања “Образованието е моќ”, имаше можност и со постојниот Закон за технолошки развој да инвестира во негово поттикнување и во негово помагање и на тој начин меѓу другото да бара инвеститори и да најде инвеститори кои ќе можат да инвестираат во Република Македонија. За жал, тоа не е случај. За жал, ние имаме патувачки ефекти кои не се само господинот Ташковиќ, господинот Самак, господинот Иво Ивановски и другите министри кои се задолжени за тоа, кои не се прибрани во Република Македонија во потрага по инвестиции кои никаде ги нема, кои не можеме да ги видиме 18 месеци и со самиот факт дека и премиерот заедно со цела свита министри организираше патувачки караван во потрага на инвестиции во другите земји, фактички призна дека мисијата на неговите министри кои се избрани за потрага по инвестиции е практично неуспешна. Ние инвеститорите можеме да ги најдеме и дома. Ние можеме да најдеме начин за поттикнување на технолошкиот развој дома доколку имаме сериозна стратгегија како држава како да го направиме тоа. Ние тоа го немаме. Ние, и покрај декларативната заложба за образованието од страна на Владата, не видовме ни програма за развој на високо образовната дејност, која Владата имаше обврска да ја донесе веднаш штом дојде на власт законски, а камо ли некоја посериозна стратегија за сите области. Се соочуваме со адхок решенија кои произлегуваат од нечија желба во Владата, најчесто од желбата на премиерот, без разлика дали се уставни или неуставни, желбата на премиерот е Устав и закон во оваа држава, без разлика дали е во согласност со актуелниот Устав и актуелните законски решенија.

Јас лично мислам дека овој закон нема да измен и многу. Се согласувам со господинот Герамитчиоски дека ќе остане само мртов збор на хартија, заради тоа што ние немаме сериозна поддршка за вистински разработена стратегија за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, а без таква стратегија овој закон речиси не помага ништо. Ние немаме механизам, барем овој закон тоа не може да го направи, како да ги поттикнеме стопанските субјекти и сите оние кои што можат да помогнат во поттикнување и помагање на технолошкиот развој како да го направат тоа, заради тоа што иницијативата и сериозната финансиска поддршка како импулс, како почеток треба да ја даде државата и Владата на Република Македонија која ќе каже во кои области што и е потребно за да бидеме конкурентни и за да бидеме промотори на меѓународната сцена. За жал, единствената стратегија што оваа Влада до сега ја покажува е во секојдневното распишување на кампањи, секојдневното распишување на тендери со милионски суми за кои никој не знае каде одат и како се трошат, никој не е запознаен со ефектите, ниту пак некој прави евалуација за ефектите од таквите кампањи. За жал, во оваа држава парите од Буџетот на граѓаните на Република Македонија се трошат во лични цели за лично промовирање и подгревање на рејтингот на премиерот и на ВМРО-ДПМНЕ, наместо да бидат наменети во функција на инвестирање во Република Македонија, во функција на решавање на реалните прашања на граѓаните на Република Македонија кои секојдневно се изложени на се поголеми животно трошоци од ден во ден.

Заради тоа сметам дека ваквата заложба на Владата е само декларативна и само шминка, меѓутоа, никако во насока на она што навистина би сакале да го постигнеме во Република Македонија, а ова е една од работите која ни е преку потребна. Ние немаме обезбедено ниту во Буџетот можност за инвестирање во сериозно поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Пред да ве повикам на гласање, би молел колегите кои не се тука во оваа сала да влезат, како би можеле да пристапиме кон гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создадат услови за гласање)

Ги молам колегите кои се во соседната сала да влезат за да пристапиме кон гласање.

Колеги пратеници,се создаде кворум и ве повикувам да гласаме.

Гласаа 60 пратеници, од кои 59 за, воздржани нема и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61, од кои 59 за, 1 воздржан и еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули поднесоа амандман на член 13 став 1, член 9 став 2 за додавање нова алинеа по алинеата 5, член 10 став 2, член 15 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 17 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 18 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 27 за додавање нов став по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани за менување на член 2, член 3 за додавање нова алинеа 7 по алинеата 6 и за додавање нова алинеа по алинеата 10, член 4 алинеа 4 , член 9 став 2 за додавање нова алинеа пред алинеата 1, член 10 став 2 за додавање нов член 10-а по членот 10, член 11 за додавање нов став пред ставот, член 18 став 1, член 26 за додавање нов став 2 и на член 30 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има заменик министерот господин Лазарев.

**Јован Лазарев:** Овој амандман го допрецизира текстот на членот и како таков Владата го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата го прифаќа овој амандман и тој станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја 7 по алинеата 6 и за додавање нова алинеа по алинеата 10, поднесен од пратеникот Славица Грковска .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има господинот заменик министер за образование.

Повелете господине министре.

**Јован Лазарев:** Овој амандман не го прифаќаме.

**Благој Зашов:** Владата не го прифати овој амандман.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници.

Во членот 3 се дефинирани активностите кои што согласно овој закон би требало да се преземаат за поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Наведени се неколку од типот развој на нови сопствени технологии, подобрување на постојните сопствени технологии итн.

Она што јас сметам дека треба да се додаде за да биде комплетна сликата на она што би требало да ги дефинира активностите кои што од овој закон треба да произлезат е да се додадат две алинеи кои што не го оптоваруваат текстот на законот, меѓутоа ќе дадат сигнал на тоа што би требало да се направи за да се потикне и да се помогне технолошкиот развој.

Тоа е дека една од активностите, согласно овој закон, треба да биде поттикнување на иновациите и подобрување на условите на иноваторите, помагање и слично и втората, активности кои ќе придонесат за зголемување на компатитивноста на државата.

Јас се надевам дека, од ова образложение што сега ќе го дадам, можеби и заменик министерот ќе се предомисли заради тоа што еден од начините за поттикнување и помагање на технолошкиот развој се поттикнување на иновациите и подобрување на условите во кои ќе работат иноваторите за да креираат нови иновации кои можат да бидат во функција на поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Затоа сметам, доколку ваква алинеја стои во активностите кои треба да бидат наброени, а кои овој закон ги дефинира, тоа ќе биде сериозен сигнал за иноваторите во Република Македонија дека некој сериозно ќе се грижи за нив и ќе обрне внимание за подобрување на условите во кои работат заради тоа што тоа ќе бидат едни од активностите кои државата си ги преземала на себе како обврска за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.Тоа истовремено ќе овозможи вториот предлог, да се зголеми компатибилноста на државаа на меѓународен план, заради тоа што, јас ќе потсетам, во сите европски држави има посебни дебати, меѓу другото не само а собраниските комисии за образование и наука, туку и на пленарните седници, за начините на кои една држава ммože побрзо да го помага технолошкиот развој заради тоа што тоа е основниот предуслов за развој на државата.

Апелирам парламентарното мнозинство, доколку заменик министерот во меѓувреме не се

предомисли, бидејќи тоа се работи кои не го оптеретуваат законот, меѓутоа многу значат за сите иноватори кои работат постојано на овој план дека некој ќе им обрне поголемо внимание и посериозно ќе инвестира во нив за да се стават во функција на технолошкиот развој во државата.

Апелирам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Грковска.

За збор се јави заменик министерот за образование господинот Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам.

Во принцип се согласуваме со дискусијата, меѓутоа сметаме дека тоа што почитуваната пратеничка го предлага веќе се содржи во член 3 во алинеја 7 која гласи: "ефектуирање и примена на иновациите". Тоа е истото што се предлага и што е содржано тука во малку по кондензирана форма. Инаку, немаме концепциска разлика.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Три минути реплика за госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Алинејата 7 гласи: "ефектуирање и примена на иновациите", а тоа е малку поинаку од поттикнување на иновациите и подобрување на условите на иноваторите.

Мислам дека не се во колизија, туку напротив се надополнуваат овие две алинеи. Мислам дека нема никаков проблем доколку стои и така, заради тоа што ќе биде многу подецидна заложбата и определбата за подобрување на условите на иноваторите за нивна работа.

Ако остане само ефектуирање и примена на иновациите тоа не значи дека една од активностите, согласно овој закон, ќе биде подобрување на условите на иноваторите за нивна работа и нивно творење, туку напротив само ефектуирање на тоа што тие веќе ќе го направат, а како ќе го направат е прашање со кое овој закон исто така треба да се занимава, заради тоа што огромен број на иноватори се соочуваат со сериозни проблеми за начинот на кој можат да дојдат до некоја иновација и работат навистина во исклучително тешки услови, се снаоѓаат сами во набавка на материјали и други работи кои им се потребни за креирање на нивната иновација.

Затоа јас сметам дека треба да стои подецидно и уште еднаш да размислете дали ќе го прифатите тоа.

**Благој Зашов:** Благодарам госпогице Грковска.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван заменик министер, мислам дека правите грешка зошто не го прифаќате, бидејќи тоа и се содржи во Законот.

Сакам само да ви помогнам, да потенцирам.

Во членот 3 ги дефинирате активностите кои се поврзани со технолошкиот развој. Веќе во член 16 дефинирате нова инфраструктурна форма - иновациски центар кој има програма за работа. Во таа програма на работа улогата на иновацискиот центар меѓу другото ќе биде менаџерска одлука на иноватори, што е поттикнување на иноваторите за еден друг вид на работа.

Понатаму во членот 24 имате напишано, проект програма може да се софинансира само во случај кога на сите ни се субјектите на технолошкиот развој. Носител на технолошки развој е иновацискиот центар кој има своја програма.

Вие во вториот став во член 24 веќе сте навеле дека Министерството ќе софинансира до 50% од вредноста на Предлог програмата, доколку од носителот на проектот, за програмата се обезбедени итн. Значи, веќе сте носители на активност на поттикнување на иновација. Зошто тогаш да не е дефинирано во членот 3, така како што колешката предлага во амандманот.

Мислам дека тоа што вие го кажавте е различно, во алинејата 7, во однос на тоа што веќе се содржи во законот, само овде се набројуваат активностите кои се дефинирани во другите членови на Законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да поминеме на гласање по амандманот, ги молам колегите пратеници кои во меѓу време излегоа од салата, да се вратат, како би можеле да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги молам колегите пратеници да влезат во салата.

Колеги пратеници, со оглед на тоа што немаме услови за гласање, давам пауза од 15 минути. Значи пауза ќе имаме до 13,40 часот, со тоа што, како што сте известени, денес треба да работиме до 15,00 часот и тука да ја прекинема седницата.

Би ве молел сите пратеници што сте присутни во салата за 15 минути да се вратите во салата за да продолжиме со работа.

(По паузата)

Колеги пратеници и покрај напорите да создадеме кворум, сепак не успеавме.

Овде ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме во понеделник.

(Реакции од пратеници)

Да се обидеме уште еднаш да направиме напор да обезбедиме кворум.

Колеги пратеници сепак нема доволно кворум.

Повторувам дека ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме во понеделник со истиот дневен ред. Впрочем ќе бидете и дополнително известени со СМС пораки.

(Седницата прекина со работа во 14,17 часот)